Уп. Бр.08-108/2022

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од страна на АЛФИ РЕ, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о, со седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија преку Љупка Новеска Андонова, Адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 07.09.2022 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнување на самостојна контрола од страна на АЛФИ РЕ, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о, со седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија над ММ ОМИКРОН друштво за инвестиции д.о.о. со седиште на адреса Дунајска цеста 151, 1000 Љубљана, Словенија, по пат на купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата  за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 05.08.2022 година а дополнето на 11.08.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од АЛФИ РЕ, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о, со седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија (во понатамошниот текст Алфи), со која АЛФИ,ќе стекне самостојна контрола над ММ ОМИКРОН друштво за инвестиции д.о.о. со седиште на адреса Дунајска цеста 151, 1000 Љубљана, Словенија, по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Алфи** е управител на алтернативни инвестициски фондови регистрирани во Агенцијата за пазар на хартии од вредност на Словенија. Алфи анализира (потенцијални) инвестиции и управува со инвестициски фондови, додека самото управување со инвестиции е делумно пренесено на други друштва.

Алфи управува со **Алфи РЕ**, СИС, кој е основан под називот **АЛФИ РЕ**, Специјален инвестициски фонд, со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија.

<u>Алфи Групата има регистрирано присуство</u> во Северна Македонија преку следните друштва:

- ПРО КОЛЕКТ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на адреса ул. Христо Татарчев 121-Г, Кисела Вода, Скопје, друштво специјализирано во наплата на долгови по вонсудски пат Главните активности на ПРО КОЛЕКТ ДООЕЛ Скопје се наплата и откуп на побарувања;
- АПОЛЛО МК ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на адреса Булевар Киро Глигоров бр. 13, Гази Баба, Скопје, кое е активно со продажба на големо на играчки, квалитетна опрема за деца, детски додатоци и текстилни производи за деца.

**ММ Омикрон** е основано во 2006 година и е со седиште во Леше, Словенија. Главната дејност на ММ Омикрон се издавање и управување со сопствен или закупен недвижен имот. Фокусот на делувањето на ММ Омикрон е исклучиво на Словенија, и истото не е присутно и нема приходи во ниту една друга земја.

Тековниот недвижен имот во сопственост на ММ Омикрон претставува малопродажен центар во Леше, Словенија. Просториите во малопродажниот центар (физички продавници) се издаваат на малопродажни синџири како што се Spar, Müller, Hervis, Mass, Kik и TEDi, како и на аптека (Gorenjske Lekarne) и на кафуле.

ММ Омикрон нема регистрирано присуство во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за урвдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.
Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**